**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Македонски Брод |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Милка Стаменкоска – координатор за еднакви можности на Општина Македонски Брод ,<br>Весна Котеска, заменик координатор |
| **Период на известување** | 01.01.2019 г. до 31.12.2019г |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 20.03.2020 година |

**Име и презиме(Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**Градоначалник на Општина Македонски Брод –Живко Силјаноски дипл.шум.инж.**

**Дата,** 20.03.2020

**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**Сите овие мерки спаѓаат во тн. посебни мерки кои се дефинирани со член 7 од Зконот за еднакви можности на мажите и жените.**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

- Изготвена **Годишна програма за еднакви можности на Општина Македонски Брод за 2020** година, со одлука на Совет на Општина Македонски Брод.
- Изготвен локален акциски план за родова рамноправност, со Одлука на Совет на Општина Македонски Брод,
- **Програма за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2020 година**. Дел е предвиден за реализирање и спроведување на концептот за еднакви можности. За превентивни активности, одржување на предавања и трибини за заштита од семејно насилство 50.000 денари.
- Вметнување на **критериум за родова еднаквост** во Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Македонски Брод.
- Реализирање на проект **„ Локалните институции заеднички до подобри социјални услови на граѓаните “** од програмата„Општинско – корисна работа“ финансиски поддржана од УНДП. Предвидени беа вкупно 324.000 денари од кои УНДП учествува со 259.200 денари, а Општина Македонски Брод учествува со 64.800 денари. Даватели на услуги беа 6 лица од кои кои сите се жени. Корисници се: 11 мажи и 49 жени.
- Одржана **обука за државните службеници за справување со дискриминација и говор на омраза** на 15 ноември во Клуб на пратеници во Скопје. Од Општина Македонски Брод присуствуваа претседателката на КЕМ, координаторката за еднакви можности на Општина Македонски Брод и заменик – координаторката на општината.
- Доделување на **еднократна парична помош** за новородени деца,социјално загрозени семејства, и поедници од страна на градоначалникот и од страна на Советот на Општина Македонски Брод за лекување, за спортски успеси и сл.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- Усвоена Годишна програма за еднакви можности на Општина Македонски Брод за 2020 година од Совет на Општина Македонски Брод
- Усвоен Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод,
- Проектот **„Локалните институции заеднички до подобри социјални услови на граѓаните“** овозможи услуги кои беа наменети за корисници кои се во поодминати години, односно стари и болни лица. Со овој проект давателите на услуги им помагаа на корисниците во домашните обврски, им пружаа нега

и грижа во домашни услови.
- Мажи и жени кои добиле еднократна парична помош;

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (**Ве молиме наведете само аутпут индикатори**[1])

- Со проектот **„ Локалните институции заеднички до подобри социјални услови на граѓаните "** од програмата„Општинско – корисна работа" финансиски поддржана од УНДП обезбедени се услуги за 60 корисници на услуги и тоа 11 мажи и 49 жени. Ангажирани се 6 даватели на услуги за проектот. Од нив сите се жени – негувателки.
- **Градоначалникот на Општина Македонски Брод, г.Живко Силјаноски** има доделено парични средства по следниве основи: еднократна помош за новороденчиња; по основ на барања од граѓани со Одлука на Совет

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

- **Заклучок за прогласување на Програмата за унапредување на родова рамноправност на локално ниво**
- **Записник од одржана седница на КЕМ**

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**

Согласно програмата во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод донесена е иницијатива за инкорпорирање на родово буџетирање

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

воведено е родово одговорно буџетирање

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Со посебна ставка за родова еднаквост во буџетот се предвидени средства во износ од **170.000 денари.**

---

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**<br><br>- Буџет на Општина Македонски Брод за 2020 година; https://www.mbrod.gov.mk/index.php/mk/budjet-2020-godina |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**<br><br>Во текот на 2019 година беше остварена соработка и тоа:<br><br>- **Соработка со МТСП:** На 15 ноември 2019 во Клуб на пратеници во Скопје се одржа обука за државните службеници за справување со дискриминација и говор на омраза. Обуката беше организирана од страна на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика. |
| **2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**<br>Општината располага со податоци кои се полово разделени во делот на :<br>- Образование<br>- Податоци за вработени и за раководни места и позиции во општинска администрација<br>- Податоци за вработени и за членови на Управни и надзорни одбори на институции во надлежност на Општината<br>- Податоци за доделена еднократна помош на новороденчиња<br>- Податци за возрасна структура и образование на невработени мажи и жени во општината во 2019<br>- Податоци за жртви на родово базирано насилство во општината<br>- Податоци за постоечки корисници на социјални права и услуги од областа на социјалната заштита<br>- Податоци за корисници на субвенци по разни мерки<br>- Податоци за жени апликанти по Програмата за субвенционирање<br>- Податоци за млади апликанти за субвенции во земјоделството |

| |
|---|
| **2.12.Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br>да |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>Во прилог |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Надлежностите и задачите на координаторот не се конкретно утврдени во актот за систематизација на работните места. Координаторот согласно решението е Советник за комунални работи воедно и лице за информации од јавен карактер; заменик координаторот е Советник за јавни дејности воедно со овластување врши работи како самостоен референт – благајник. |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) слушател/слушателка**<br>**б) обучувач/обучувачка**<br>- **Обука за справување со дискриминација и говор на омраза** за државните службеници одржана на 15 ноември во Клуб на пратеници во Скопје. |
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br>- „Примена на начелата и родовите политики на локално ниво“<br>- Обука за справување со дискриминација и говор на омраза за државните службеници |
| **2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете:** пренесени се преку внатрешна комуникација, на кафе пауза |
| **2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>Една програма и еден акциски план |
| 2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>усвоени се и двете |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

- Неодржување на седници на Комисијата за еднакви можности
- Недостапност на обуки за советниците на тема родова еднаквост. Предизвикот сè уште постои, советниците имаат потреба од обуки со кои ќе се овозможи поголема сензибилизација, но и учество во работата на КЕМ и на координаторот за еднакви можности, со конкретни идеи, предлози и сугестии;
- Незаинтересираност на дел од администрацијата и политичките претставници за темата еднакви можности
- Тешкотии при собирање на податоци релевантни за темата еднакви можности и родова рамноправност.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Сме организирале информативна сесија, но немаше заинтересираност, поради сезонски работи.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Треба да одбереме друг термин за информативни сесии.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1.Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)** остварување на политиките за родова еднаквост, креирање, поддржуваање и реализирање на конкретни мерки и активности со цел подобрување на состојбата со родовата еднаквост на подрачјето на Општина Македонски Брод.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите , во Општина Македонски Брод за прв пат е формирана на 29.05.2009 со Одлука на Совет на Општина Македонски Брод бр.07 – 480/12
- Последен избор на председател и членови на Комисијата е направен со Одлука бр.18 – 741/5 од 10.11.2018 одина

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол :** Еден член од комисијата е од женски пол додека другите четворица

членови се од машки пол;

**б) Образование :** Еден од членовите има вишо образование, еден високо, додека другите членови имаат средно образование;

**в) Етничка припадност:** Сите членови на комисијата се од македонска националност;

**г) Припадност на политичка партија:** Двајца членови од комисијата се членови на СДСМ, двајца се независни советници и еден е член на ВМРО ДПМНЕ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа -** да

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа-** да

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа-** да

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

/

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?** Комисијата нема сопствена годишна програма,туку има Програма за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Македонски Брод

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**Еден

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС -** Соработка со претставниците на МТСП и координаторите за еднакви можности единиците на локална самоупрва како и со членовите на Комисијата за еднакви можности со цел да има поголемо разбирање е координација и обуки не само за координаторите туку и за членовите на комисиите.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**